# Билтен на месечни активности

# за месец јануари 2025

Февруари, 2025

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА

Содржина


Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници ... 3

Испит за административно управување ... 4

Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен ... 5

Соработка со други институции и меѓународна соработка ... 6

Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса ... 6

Јавни набавки ... 7

Реализација на буџет ... 8

## Постапки за селекција на кандидати за вработување и унапредување на административни службеници

Во Агенцијата за администрација во месец јануари 2025 година примени се 23 барања за објавување на јавен оглас за вработување на административни службеници, запрени се 8 барања, објавени се 36 огласи, за вкупно 82 работни места за вкупно 84 извршители. За институциите од централната власт објавени се 6 огласи за 13 работни места со 13 извршители, додека за институции од локалната власт објавени се 30 јавни огласи за 69 работни места со 71 извршители.

<table>
<tr><th>Примени барања</th><th>Запрени барања</th><th>Објавени огласи</th><th>Вкупно</th><th colspan="5">Институции од централната власт</th><th colspan="5">Институции од локалната власт</th></tr>
<tr><td rowspan="2">23</td><td rowspan="2">8</td><td rowspan="2">36</td><td rowspan="2"></td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td><td>број на огласи</td><td colspan="4">категории на работни места</td></tr>
<tr><td>6</td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td><td>30</td><td>раководни</td><td>стручни</td><td>помошно-стручни</td><td>Вкупно</td></tr>
<tr><td colspan="3">Работни места</td><td>82</td><td rowspan="3"></td><td>6</td><td>6</td><td>1</td><td>13</td><td rowspan="3"></td><td>13</td><td>40</td><td>16</td><td>69</td></tr>
<tr><td colspan="3">Извршители</td><td>84</td><td>6</td><td>6</td><td>1</td><td>13</td><td>13</td><td>42</td><td>16</td><td>71</td></tr>
<tr><td colspan="3">Број на пријавени кандидати</td><td>1417</td><td>104</td><td>603</td><td>17</td><td>724</td><td>97</td><td>450</td><td>146</td><td>693</td></tr>
<tr><td colspan="3">Завршиле со објавување на Одлука за избор</td><td>66</td><td>6</td><td>8</td><td>13</td><td>9</td><td>30</td><td>60</td><td>9</td><td>49</td><td>33</td><td>91</td></tr>
</table>

*Табела 1. Јавни огласи јануари 2025*

Во истиот период во месец јануари 2025 година спроведени се 106 административни селекции за пријавени 1547 кандидати, спроведени се 80 испити на кои што се поканети 516 кандидати, од кои полагале 243 кандидати, проверки на веродостојност на докази и интервју се спроведени на 63 огласи за 273 кандидати. Интервју е спроведено на 63 огласи со вкупно 144 кандидати. Изработени се конечни ранг листи за 63 огласи и предлог за избор на 144 кандидати, а од 66 спроведени огласи објавени се вкупно 1214 одлуки за избор на кандидати за вработување.

<table>
<tr><th colspan="2">Административни селекции</th><th colspan="3">Спроведени Испити</th><th colspan="2">Спроведени проверки на веродостојност на докази</th><th colspan="2">Интервјуа</th><th colspan="2">Конечни ранг листи</th><th colspan="2">Примени и објавени Одлуки за избор</th></tr>
<tr><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td colspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td><td rowspan="2">огласи</td><td rowspan="2">кандидати</td></tr>
<tr><td>поканети</td><td>полагале</td></tr>
<tr><td>106</td><td>1547</td><td>80</td><td>516</td><td>243</td><td>63</td><td>273</td><td>63</td><td>144</td><td>63</td><td>144</td><td>66</td><td>121</td></tr>
</table>

*Табела 2. Спроведени активности по огласи јануари 2025*

Во Агенцијата за администрација во месец јануари 2025 година примени се 6 барања за објавување на интерен оглас за унапредување на административни службеници, објавени се 6 огласи, за вкупно 8 работни места за 8 извршители. За институциите од централната власт објавени се 2 интерни огласи за 3 работни места со 3 извршители, додека за институциите од локалната власт објавени се 4 интерни огласи за 5 работни места со 5 извршители.

| Примени барања | Запрени барања | Објавени огласи | **Вкупно** | **Институции од централната власт** | | | | | **Институции од локалната власт** | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | број на огласи | категории на работни места | | | | број на огласи | категории на работни места | | | |
| | | | | | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно | | раководни | стручни | помошно-стручни | Вкупно |
| 6 | / | 6 | | 2 | | | | | 4 | | | | |
| Работни места | | | 8 | | / | 1 | 2 | 3 | | 2 | 3 | / | 5 |
| Извршители | | | 8 | | / | 1 | 2 | 3 | | 2 | 3 | / | 5 |

*Табела 3. Интерни огласи јануари 2025*

## Испит за административно управување

Во текот на месец јануари 2025 година спроведени се 6 испити за административно управување на кои се пријавиле 126 кандидати. Од нив на испитот се појавија 65 кандидати од кои испитот го положиле 46 кандидати (71%), а не го положиле 19 кандидати. Од кандидатите кои што се пријавени 99 се вработени во јавен сектор, 12 во приватен и 15 се невработени.

| Спроведени испити | Пријавени кандидати | Присутни на испит | Положиле | Неположиле | Јавен сектор | Приватен сектор | Невработен |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | 126 | 65 | 46 | 19 | 99 | 12 | 15 |

*Табела 4. Административно управување јануари 2025*

## Постапување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен

До Комисијата за одлучување по жалби и приговори на административните службеници во втор степен во текот на јануари 2025 година беа поднесени 66 жалби и приговори на административните службеници, од кои 61 жалби и приговори на државните службеници и 5 жалби на јавните службеници.

Во месец јануари во просториите на Агенцијата за администрација беа одржани 8 седници, на кои беше одлучено по 47 жалби и приговори, од кои 43 жалби и приговори на државните службеници и 4 на јавни службеници. Поради барање на дополнителни податоци и одредени списи, 34 предмети од месец јануари преминуваат во месец февруари 2025 година.

Од вкупниот број на одлучени жалби и приговори на државните службеници (вкупно 43 ): одбиени се 5 жалби, уважени 9 жалби, мериторно уважена е 1 (една) жалба, отфрлени се 26 жалби и мериторно одбиени се 2 жалби.

Од вкупниот број на јавните службеници (вкупно 4): 1 (една) жалба е уважена, мериторно уважени се 2 жалби и 1 (една) жалба е мериторно одбиена.

| Број на примени жалби и приговори | | Број на обработени жалби и приговори државни (Д) и јавни службеници (Ј) | | Уважени | | Одбиени | | Отфрлени како недозволени | | Отстапени на друг орган | | Повлечени од подносител | | Ненадлежност | | Мериторно уважени | | Мериторно одбиени | | Запрена постапка | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј | Д | Ј |
| 61 | 5 | 43 | 4 | 9 | 1 | 5 | / | 26 | / | / | / | / | / | / | / | 1 | 2 | 2 | 1 | / | / |
| | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | | |

*Табела 5. Обработени жалби во јануари 2025*

# Соработка со други институции и меѓународна соработка

Агенцијата за администрација во текот на месец јануари 2025 година оствари соработка со институциите во јавниот сектор за што има обработено 20 предмети од кои 7 се однесуваа на тековното работење на Агенцијата за администрација, а останатите 13 предмети се поврзани со надлежностите на Агенцијата, а се доставени од државни институции, судови и други, и тоа: Државно правобранителство на Република Северна Македонија (5); Управен суд (2): Министерство за финансии (1); Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер (2); Државна комисија за одлучување во управна постапка, постапка од работен однос и инспекциски надзор во втор степен (1); ЈОУ Градска библиотека Борка Талески Прилеп (1) и ЈЗУ Здравствен дом Д-р Хаим Абраванел Битола (1).

Во текот на месец јануари 2025 година, вработени од Агенцијата присуствуваа на:

- Присуство на онлајн советување  на тема „Подготовка на завршна сметка за 2024 година кај буџетскиот сектор и други тековни измени на законските и подзаконските прописи", реализира на 29 јануари 2025 година, по покана и организација на Економско правен консалтинг ФВ-Скопје.

# Комуникација со корисници на услуги преку електронска контакт адреса

На службената контакт е-маил адреса на Агенцијата пристигнати се вкупно 78 е-маил пораки во форма на прашања од заинтересирани граѓани, од кои одговорени се 32 електронски пораки, , како и  неодговорени 46 електронски пораки по кои е постапено согласно дадени насоки од надлежното раководно лице.

# Јавни набавки

Во текот на месец јануари 2025 година, согласно законски предвидениот рок Планот за Јавни набавки се донесе на 31.01.2025 година и во него се планирани 15 јавни набавки со можност за измени на ГПЈН во тековната година.

Предвидените набавки ќе се реализираат од месец Февруари.

| Број на донесени Одлуки за јавни набавки | Објавени огласи на ЕСЈН | Број на донесени Одлуки за избор/Одлуки за поништување | Број на склучени договори |
|---|---|---|---|
| / | / | / | / |

*Табела 6. Јавни набавки јануари 2025*

Во месец јануари 2025 година реализацијата на буџетот е прикажана во следната табела:

| Ставка | Буџет 2024 година | Реализација на буџетот до 31.01.2025 | Реализација на буџетот од 01.01.2025 – 31.12.2025 | Преостанат буџет на располагање до 31.12.2025 |
|---|---|---|---|---|
| 401- основни плати | 27.191.000,00 | 2.037.414,00 | 2.037.414,00 | 25.153.586,00 |
| 402-придонеси за социјално осигурување | 10.057.000,00 | 792.333,00 | 792.333,00 | 9.264.667,00 |
| 404-надоместоци | 784.000,00 | 0 | 0 | 784.000,00 |
| 420-патни и дневни расходи | 60.000,00 | 5.000,00 | 5.000,00 | 55.000,00 |
| 421-комунални услуги, греење, комуникација и транспорт | 2.900.000,00 | 276.122,00 | 276.122,00 | 2.623.878,00 |
| 423-материјали и ситен инвентар | 400.000,00 | 16.650,00 | 16.650,00 | 383.350,00 |
| 424-поправки и тековно одржување | 1.500.000,00 | 21.107,00 | 21.107,00 | 1.478.893,00 |
| 425-договорни услуги | 2.000.000,00 | 17.088,00 | 17.088,00 | 1.982.912,00 |
| 426-други тековни расходи | 157.000,00 | 5.709,00 | 5.709,00 | 151.291,00 |
| 464-разни трансфери | 88.000,00 | 81.364,00 | 81.364,00 | 6.636,00 |
| 480-купување на опрема и машини | 100.000,00 | 0 | 0 | 100.000,00 |
| 485-вложување и нефинансиски средства | 900.000,00 | 0 | 0 | 900.000,00 |
| ВКУПНО | **46.137.000,00** | **3.252.787,00** | **3.252.787,00** | **42.884.213,00** |

*Табела 6. Реализацијата на буџетот на Агенцијата*